**From:**
**Sent:** 28 December 2018 13:05
**To:**
**Subject:** FW: Odgovor
**Attachments:** vlcsnap-2018-12-27-22h14m24s391.png; vlcsnap-2018-12-27-22h14m26s598.png; vlcsnap-2018-12-27-22h14m20s602.png; vlcsnap-2018-12-27-22h14m32s072.png; vlcsnap-2018-12-27-22h14m22s557.png; vlcsnap-2018-12-27-22h11m27s855.png; vlcsnap-2018-12-27-22h11m10s256.png; vlcsnap-2018-12-27-22h10m57s969.png; vlcsnap-2018-12-27-22h11m06s452.png

**Importance:** High

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.12.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 19 | | |

**From:** !
**Sent:** Friday, December 28, 2018 12:39 PM
**To:**
**Subject:** Odgovor
**Importance:** High

Почитуван

Пласирањето производи во програмите е регулирано во член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во одредбата е утврдено во кои програми тоа е дозволено, како може да се направи, како и тоа кои производи и услуги не смеат да се пласираат.

Агенцијата на почетокот од овој месец и изрече мерка опомена на телевизијата за прекршување на член 55 од Законот. Во решението за изрекување мерка, кое заедно со извештајот од надзорот е достапно на нашата веб страница, на медиумот му е даден рок да ја усогласи програмата со законската одредба, кој истекува во првата половина на јануари 2019 година.

Согласно Законот, по истекот на рокот, Агенцијата има обврска да изврши контролен надзор за да провери дали медиумот постапил по изречената мерка. Доколку со надзорот биде констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка, за истиот прекршок во текот на годината, Агенцијата поведува прекршочна постапка. Пред поведување на прекршочна постапка имаме обврска да спроведеме постапка на порамнување. Доколку медиумот го прифати порамнувањето, плаќа половина од казната утврдена во Законот, на сметка на Буџетот на Р.М. Доколку не го прифати порамнувањето, пред надлежниот суд се поведува прекршочна постапка.

Со почит,

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Адреса: Палата Панко Брашнаров, ул.„Македонија" бр. 38
1000 Скопје, Република Македонија

Тел: (02) 3103 400
Факс:(02) 3103 401
Е-адреса: contact@avmu.mk
www.avmu.mk